ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki, Gradski park bb, Macedonia e-mail: chessmkd@t.mk

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број 26– 25 / април, 2025 година

П Р А В И Л Н И К за
Екипно првенство на Македонија за 2025 година- Квалификации за Втора лига мажи

1. Шаховската Федерација на Македонија, на **12 - 13 април и 27 април 2025** година, во **„Хотел Континентал "** во Скопје, ги организира Квалификациите за Втората лига-Екипното Првенство на Македонија за 2025 година.
2. Вкупно **13 (тринаесет)** екипи го пријавија своето учество :

   1. Ш.К. Капабланка - Скопје
   2. Ш.К. ШАХ ШЕХ - Битола
   3. Ш.К. Гази Баба 1976- Скопје
   4. Ш.К. ШАХ МАТ - Градец
   5. Ш.К. Бафет - Велес
   6. Ш.К. Фишер - Куманово
   7. Ш.К. Теута - Липково
   8. Ш.К. ТИМ Анпасан - Крива Паланка
   9. Ш.К. САСА - Македонска Каменица
   10. Ш.К. Дамин Гамбит - Скопје
   11. Ш.К. Цареви Кули - Струмица
   12. Ш.К. Фљамуртари - Струга
   13. Ш.К. Шкендија - Тетово

3. Основниот состав на екипите е ограничен на максимум 12 шахисти (6 во основен состав + 6 резерви) и конечниот распоред по табли треба да се пријави на техничката конференција која ќе се одржи во сабота на 12 април во 9:30 часот

   Стартниот број на секоја екипа се одредува по висината на просечниот рејтинг на најдобрите 6 табли.Во основниот состав мора да се задоволи правилото дека шахист кој има 100 или повеќе рејтинг поени не може да биде пријавен на пониска табла од друг шахист.

   Редоследот по табли не може да се менува до крајот на натпреварувањето.
4. Во клубовите може да настапуваат и регистрирани странски шахисти, но не повеќе од двајца по меч.
5. Систем на игра:

   Втората лига ќе се игра по швајцарски систем од 6 кола.За победа во меч се добиваат 2 бода а за нерешен резултат 1 бод.

   При ист број на бодови одлучува:

   - Вкупен број на поени
   - Резултат од меѓусебна средба
   - Сонеборн – Бергер

- Бухолц

6. Техничката конференција ќе се одржи на **12 април (сабота) во 09 :30** часот.
Капитенот на екипата го дава составот за прво коло најкасно до 10:00 часот.

7. Начинот на пријавување на составите за останатите кола ќе биде дефинирано на техничката конференција.

8. Се игра според Правилата на ФИДЕ.Темпо на игра по играч е 90 минути минути до крајот на партијата, со додаток од 30 секунди за секој потег, почнувајќи од првиот.

9. Квалификациите за втората лига ќе се рејтингуваат.

10. Распоред за игра:

12 април (сабота)	09:30 техничка конференција	
12 април (сабота)	10:30 коло I	16:30 коло II
13 април (недела)	10:00 коло III	16 коло IV
27 април(недела)	10:00 коло V	16 коло VI

11. Толеранција на доцнење е 30 минути. Доколку некој играч се појави подоцна во салата за игра, ја губи партијата со контумација.

12. Екипата не може да го започне мечот доколку не се присутни повеќе од 50% од шахистите, односно најмалку 4(четири) шахисти.

13. При потполно идентични критериуми за критични места се одигрува дополнителен меч (или мечеви).Терминот го одредува Натпреварувачката комисија при ШФМ.

14. Секоја екипа си назначува капитен. Во салата каде се игра се строго забранети разговори меѓу играчите и други лица.

15. Најдобрите 2(две) екипи обезбедуваат место во **Втората лига за 2025 година.**
Пласманот на останатите екипи е според освоените меч бодови и другите дополнителни критериуми.Во случај на откажување на некоја екипа од втората лига нејзиното место се надополнува од оваа листа.

16. Правилата на FIDE за екипни натпревари важат за се што не е предвидено со овој Правилник.

17. ШФМ обезбедува сала за игра-хотел Континентал и шаховски комплети.

18. Ако една екипа ги започне, а не ги заврши натпреварите или 30% од партиите ги изгуби со контумација заради не присуство на играч , губи право на настап на Екипните натпревари во следната година и ќе биде дадена на дисциплинска комисија при ШФМ.

19. Забранета е употребата на мобилни телефони,таблети и слични мобилни уреди во салата за игра.

20. Комисијата за регуларност ја сочинуваат главниот судија и двајца судии делегирани од ШФМ.Одлуките на Комисијата се извршни, без право на жалба.

21. Цени на услуги во хотел Континентал

- Спиење со доручек - 1.850 денари по лице во двокреветна соба
- Спиење со доручек - 2.460 денари по лице во еднокреветна соба

-

Скопје
08.04.2025

Шаховска Федерација на Македонија
Генерален секретар Марјан Митков

